МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
„Перо Наков" б.б.; 1000 Скопје; Р. Македонија
+389 (0)2 2581080 Факс +389(0)2 2581824

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О.
Бр. 05-858/1
18-10-2018 год.
СКОПЈЕ

# ТРИМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП “МАКЕДОНСКИ ШУМИ”

ЗА ПЕРИОД 07 – 09 МЕСЕЦ 2018 ГОДИНА

Скопје, октомври 2018г.

## ТРИМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП “МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ ЗА ПЕРИОД 07 - 09м. 2018г.

### I ПРИХОДИ, РАСХОДИ И ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| Реден број | О п и с | План 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа (оств.2018) | Споредбена анализа (оств.2018/ план.2018 ) | Споредбена анализа оств.2018/ оств.2017) | Образложение ( забелешка ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7=5:3 | 8=5:4 | |
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **798.084.484** | **535.172.127** | **595.753.166** | **100,00%** | **74,65%** | **1,11** | Образложение во прилог |
| | 1.1. Приходи од огревно дрво | 574.761.053 | 393.560.121 | 437.464.986 | 73,43% | 76,11% | 1,11 | |
| | 1.2. Приходи од техничко дрво | 156.386.453 | 97.782.002 | 110.740.840 | 18,59% | 70,81% | 1,13 | |
| | 1.3. Други приходи | 66.936.978 | 43.830.004 | 47.547.340 | 7,98% | 71,03% | 1,08 | |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ :** | **659.023.957** | **431.545.401** | **469.585.991** | **100,00%** | **71,25%** | **1,09** | |
| | 2.1. Трошоци за суровини и материјали | 11.332.232 | 8.586.850 | 2.527.977 | 0,54% | 22,31% | 0,29 | |
| | 2.2. Потрошена енергија | 29.904.000 | 17.448.239 | 18.387.004 | 3,92% | 61,49% | 1,05 | |
| | 2.3. Трошоци за сеча, дотур, утовар и превоз | 220.965.218 | 95.419.772 | 103.397.166 | 22,02% | 46,79% | 1,08 | |
| | 2.4. Амортизација | 7.273.890 | 9.414.084 | 9.967.213 | 2,12% | 137,03% | 1,06 | |
| | 2.5. Надоместоци на плати | 16.046.734 | 9.207.479 | 11.682.310 | 2,49% | 72,80% | 1,27 | |
| | 2.6. Бруто плати | 202.731.714 | 192.410.286 | 203.448.415 | 43,33% | 100,35% | 1,06 | |
| | 2.7. Проста репродукција на шуми | 63.930.375 | 33.100.711 | 36.589.322 | 7,79% | 57,23% | 1,11 | |
| | 2.8. Проширена репродукција | 19.499.480 | 10.034.829 | 11.366.712 | 2,42% | 58,29% | 1,13 | |
| | 2.9. Потрошени резервни делови | 12.215.000 | 3.910.722 | 4.463.020 | 0,95% | 36,54% | 1,14 | |
| | 2.10. Поштенски услуги | 189.213 | 173.123 | 199.587 | 0,04% | 105,48% | 1,15 | |
| | 2.11. Услуги за одржување | 4.240.860 | 1.369.869 | 2.720.355 | 0,58% | 64,15% | 1,99 | |
| | 2.12. Услуги за пошумување и маркирање | 3.420.619 | 105.564 | 224.177 | 0,05% | 6,55% | 2,12 | |
| | 2.13. Останати услуги *) | 6.988.031 | 8.522.362 | 11.776.121 | 2,51% | 168,52% | 1,38 | |
| | 2.14. Патни трошоци | 21.933 | 13.390 | 42.690 | 0,01% | 194,64% | 3,19 | |
| | 2.15. Трошоци за реклама, репрезентација и спонзорство | 198.005 | 295.266 | 133.013 | 0,03% | 67,18% | 0,45 | |
| | 2.16. Останати нематеријални трошоци *) | 1.853.341 | 2.934.912 | 3.220.152 | 0,69% | 173,75% | 1,10 | |
| | 2.17. Останати трошоци *) | 4.453.312 | 1.987.988 | 22.818.783 | 4,86% | 512,40% | 11,48 | |
| | 2.18. Трошоци за Дирекција | 53.760.000 | 36.609.955 | 26.621.974 | 5,67% | 49,52% | 0,73 | |
| 3 | **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ :** | **139.060.527** | **103.626.726** | **126.167.175** | **-** | **90,73%** | **1,22** | |

*) Подетален преглед на наведените трошоци е доставен во прилог на овој Извештај

## II ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

| Реден број | О п и с | План 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа (оств.2018) | Споредбена анализа (оств.2018/ план.2018 ) | Споредбена анализа оств.2018/ оств.2017) | Образложение ( забелешка ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7=5:3 | 8=5:4 | |
| **1. ВКУПНИ НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ** | | | **19.641.225** | **39.721.675** | **100,00%** | | | |
| 1.1. | Обврски спрема добавувачи - правни лица | | 12.925.626 | 8.898.997 | | | | |
| 1.2. | Обврски спрема добавувачи - физички лица | | 267.222 | -20.465 | | | | |
| 1.3. | Обврски за ДДВ | | 6.448.377 | 30.843.143 | | | | |
| 1.4. | Обврски за кредити | | 0 | 0 | | | | |
| 1.5. | Обврски за нето плати и придонеси од плати | | 0 | 0 | | | | |
| **2. ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА** | | | **103.799.230** | **149.360.436** | **100,00%** | | | |
| 2.1. | Побарувања од правни лица | | 33.520.394 | 70.771.369 | | | | |
| 2.2. | Побарувања од синдикати | | 33.139.305 | 45.788.671 | | | | |
| 2.3. | Побарувања од физички лица | | 38.240.166 | 33.138.509 | | | | |
| 2.4. | Побарувања од пресметана камата | | -37.105 | 0 | | | | |
| 2.5. | Утужени побарувања | | -1.056.530 | -329.096 | | | | |
| 2.6. | Сомнителни и спорни побарувања | | -7.000 | -9.017 | | | | |
| **3. СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКА/И ( денарски )** | | | **-1.401.744** | **23.325.780** | **100,00%** | | | |
| 3.1. | Стопанска Банка АД - Скопје | | -4.213.033 | 3.518.559 | 15,08% | | | |
| 3.2. | Комерцијална Банка АД - Скопје | | 2.811.289 | 45.201 | 0,19% | | | |
| 3.3. | Тутунска банка | | 0 | 18.379.090 | 78,79% | | | |
| 3.4. | Централна кооперативна банка | | 4.977.590 | 554.470 | 2,38% | | | |
| 3.5. | Халк банка | | 0 | 828.460 | 3,55% | | | |
| **4. ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА** | | **0** | **2.295** | **2.368** | **100,00%** | | **1,03** | |
| 4.1. | Број на вработени на неопределено време | | 2.054 | 2.082 | 87,92% | | 1,01 | |
| 4.2. | Број на вработени на определено време | | 218 | 262 | 11,06% | | 1,20 | |
| 4.3. | Број на вработени лица со договор на дело | | 23 | 24 | 1,01% | | 1,04 | |
| **5. ИЗНОС НА ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО** | | **18.964** | **18.142** | **21.915** | | **115,56** | **1,21** | |

**СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА ТРОШОЦИ НА ДИРЕКЦИЈА ПО ВИДОВИ - 07-09м. 2018/2017г.**

**денари**

| Р. бр. | ВИД НА ТРОШОЦИ | 07-09м. 2017 | 07-09м. 2018 | Индекс 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошени суровини и материјали | 875.435 | 438.498 | 0,50 |
| 2 | Потрошена енергија | 430.932 | 503.123 | 1,17 |
| 3 | Потрошени резервни делови | 0 | 0 | 0,00 |
| 4 | Трошоци за поштенски пратки | 41.233 | 75.602 | 1,83 |
| 4а | Трош. за телефони (фиксни, мобилни и интернет) | 2.088.946 | 2.278.941 | 1,09 |
| 5 | Услуги за одржување и заштита | 1.058.291 | 1.912.308 | 1,81 |
| 6 | Закупнина на деловен простор | 1.128.552 | 846.414 | 0,75 |
| 7 | Комунални услуги | 53.259 | 35.776 | 0,67 |
| 8 | Други производни услуги | 780.254 | 939.154 | 1,20 |
| 9 | Амортизација | 1.957.731 | 2.109.129 | 1,08 |
| 10 | Патни трошоци (за службени патувања) | 2.200 | 23.499 | 0,00 |
| 11 | Надоместоци на вработени | 658.780 | 804.568 | 1,22 |
| 12 | Надомест за Управен и Надзорен одбор | 602.497 | 385.236 | 0,64 |
| 13 | Трош. за реклама, репрезент. и спонз. | 112.908 | 263.801 | 2,34 |
| 14 | Премии за осигурување | 6.651 | 51.729 | 7,78 |
| 15 | **Нематеријални трошоци ( а+б+в+г)** | 2.113.046 | 1.372.564 | 0,65 |
| а | Адвокатски и нотарски услуги | 168.514 | 270.667 | 1,61 |
| б | Трошоци за стручни списанија | 30.235 | 29.530 | 0,98 |
| в | Трошоци за судски постапки | 47.714 | 40.204 | 0,84 |
| г | Останати нематеријални трошоци | 1.866.583 | 1.032.163 | 0,55 |
| 16 | Бруто плати | 11.812.743 | 12.589.592 | 1,07 |
| 17 | Камати | 12.883.477 | 914.894 | 0,07 |
| 18 | Други трошоци | 3.020 | 1.077.146 | 356,67 |
| | **ВКУПНО:** | **36.609.955** | **26.621.974** | **0,73** |

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk

"Перо Наков" 128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел.: +389 (0)2 2581080 Факс: +389 (0)2 2581824

# Образложение за остварените приходи и расходи

**Остварените приходи** во третиот квартал од 2018 година (595.753.166ден.) во однос на планските проекции (798.084.484ден.) се остварени со **76,11%**, а во споредба со истиот период минатата година (535.172.127ден.) се **поголеми** за **11%**, (за 60.581.039ден).

## 1. Огревно дрво

Продажбата на вкупната количина на огревно дрво во споредба со истиот квартал минатата година е **зголемена за 8,75%**, односно во 2017 год. продадени се 171.067м³, а во 2018 год. продадени се 186.042м³, или **зголемувањето е 14.975м³**. Од продажбата на огревно дрво во 2017 год. остварени се приходи во износ од 393.560.121ден., а во 2018 год. остварени се приходи во износ од 437.464.986ден., односно **зголемувањето е за 43.904.865ден.**

## 1.2. Техничко дрво

Продажбата на вкупната количина на техничко дрво во споредба со истиот квартал минатата година е **зголемена за 5,75%**, односно во 2017 год. продадени се 33.991 м³, а во 2018 год. продадени се 35.947 м³, или **зголемувањето е за 1.956м³**. Од продажбата на техничко дрво во 2017 год. остварени се приходи во износ од 97.782.002ден., а во 2018 год. остварени се приходи во износ од 110.740.840ден., односно **зголемувањето е за 12.958.838ден.**

## 1.3. Други приходи

Другите приходи во овој квартал (47.547.340ден.) во однос на истите минатата година (43.830.004ден.) **се поголеми за 8,48%**. Во најголем дел причината за ова се должи на зголемените приходи од расадничко производство (2017г.-28.006ден; 2018г.– 293.836ден.), приходите од

Ул. "Перо Наков" бр. 128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

споредни шумски производи (2017г.-131.549ден; 2018г.– 283.168ден.), приходите од проста репродукција на шуми (2017г.-4.134.679ден; 2018г.– 8.871.296ден.) и приходите на Дирекција (2017г.-935.675ден; 2018г.– 5.184.382ден.), во кои најголем дел отпаѓа на приходите од наплатени шумски штети и концесии, додека намалени се приходите од извршени услуги-превоз (2017г.-5.005.456ден; 2018г.– 2.339.520ден.) и приходите од камати (2017г.-1.033.613ден; 2018г.– 75.585ден.).

**Остварените расходи** за овој период во однос на планот се остварени со **71,25%**, а бележат зголемување во однос на минатогодишниот квартал за **9%**. Во овој квартал претпријатието оствари **позитивен финансиски резултат – добивка** во износ од **126.167.175 денари**, но со вклучување на влијанието на вредноста на залихите финансискиот резултат и сега е позитивен, но во износ од **66.570.491 денари.** Во споредба со минатогодишната добивка остварена во истиот период (103.626.726 – без залихи), оваа година остварената добивка **е поголема за 21,75%, или за 22.540.449 денари.**

Позначително зголемување во однос на минатогодишниот квартал се јавува кај следните позиции:

- Ставката **2.2. -"Потрошена енергија"** – е зголемена за 5%, поради зголемените трошоци за гориво и мазиво во процесот на производство, како и поради зголемените цени на на нафтата и нафтените деривати во споредба си истиот период од лани. Имено, во овој квартал, во споредба со минатогодишниот, производството е зголемено во сите фази, и тоа сечата е зголемена за 16.76%, дотурот за 7,83% и превозот за 1,88%. Поради истата причина зголемени се и трошоците во ставката **2.3. – "Трошоци за сеча, дотур, утовар и превоз"** (со надворешни извршители), како и **трошоците за проста и проширена репродукција на шуми,** согласно со чл. 94 и 95 од Законот за шуми **(ставки 2.7. и 2.8.).**
- Ставката **2.4. –"Амортизација"** – е зголемена за 6%, меѓутоа треба да се нагласи дека истата во текот на годината се пресметува аконтативно (врз основа на Завршната пресметка за минатата година), додека конечна пресметка на амортизацијата се изготвува на крајот на деловната година.

"Перо Наков" бр. 128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. + +389 (0)2 2581080 Факс. + +389 (0)2 2581824

- Ставката **2.5. -"Надоместоци на плати"** – е зголемена за 27% поради зголемените трошоци за отпремнина за пензија, јубилејни награди, помош на вработени, теренски додаток и други надоместоци (во вкупен износ: 2017г.-9.423.972ден; 2018г.– 11.930.472ден.).
- Ставката **2.6. -"Бруто плати"** – е зголемена за 6%, поради различниот коефициент за пресметка на плати, кој се пресметува врз основа на остварените производни и финансиски резултати од работењето, како и поради нови вработувања на неопределено време согласно Програмата за работа за 2018 год., а според Нацрт-записникот од **Педесет и втората седница на Владата на Р.Македонија одржана на 30.01.2018 год. под точка:3,** каде Владата заклучи дека се дава одобрение на реализацијата на планираните нови вработувања, исклучиво само за производниот процес. Во Програмата за работа за тековната година се обезбедени финансиски средства за новите вработувања.

- Ставката **2.9. -"Потрошени резервни делови"** – е зголемена за 14% и тоа најмногу поради зголемените трошоци за резервни делови за булдожери, дигалки и зглобни трактори (2017г.-2.063.769ден; 2018г.– 2.673.997ден.)
- Ставката **2.10. -"Поштенски услуги"** е зголемена за 15%, но во апсолутен износ тоа се само 26.464 денари, а се однесуваат на поштенски пратки.
- Ставката **2.11. -"Услуги за одржување"** е зголемена за 99% најмногу поради трошоците за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (2017г.-301.844ден; 2018г.– 743.025ден.), услугите за одржување на камиони и други товарни возила (2017г.-125.716ден; 2018г.– 725.773ден.), како и услугите за одржување на хардвер и софтвер (2017г.-1.001.707ден; 2018г.– 1.583.561ден.).
- Ставката **2.12. -"Услуги за пошумување и маркирање"** е зголемена за 112%, (во апсолутен износ за 118.613 денари), а овие активности зависат од извршената динамика на одгледувачки и шумскокултурни работи предвидени во посебните планови за стопанисување со шумите.
- Ставката **2.13. -"Останати услуги "** е зголемена за 38%, најмногу поради зголемените трошоци за наемнини, а по основ на склучени договори за закуп со вработени на определено време (сечачи и дотурачи), кои работат со сопствени средства. Овие вработени се ангажирани за период 01.01 – 31.12.2018г.,

"Перо Наков" 128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. + +389 (0)2 2581080 Факс: +389 (0)2 2581824

согласно добиеното Известување од Министерството за финансии бр.18-11.658/4 од 29.12.2017г. и нивниот број во овој квартал изнесува 262, а во истиот период минатата година биле 218 (наемнини за опрема во 2017г.- 3.158.995ден; во 2018г.– 6.371.576ден.)

- Ставката **2.14.** - **"Патни трошоци"** е зголемена за околу три пати, но во апсолутен износ тоа се само 29.300 денари,
- Ставката **2.16.** – **"Останати нематеријални трошоци"** е зголемена за 10%, најмногу поради зголемените трошоци за судски постапки (2017г. – 924.989ден., 2018г. – 1.254.960ден.).
- Ставката **2.17.** - **"Останати трошоци "** е зголемена за над седум пати најмногу поради трошоците од минати години (2017г. – 1.045.345ден., 2018г. – 21.835.417 ден.), во кои најголемиот дел отпаѓа на регрес за годишен одмор за 2017 година.

Остварените приходи и расходи во овој квартал се прикажани врз основа на **книжени приходи и расходи на подружниците,** без влијание на вредноста на залихите врз крајниот финансиски резултат. Сепак, за пообјективно прикажување на остварените резултати, дополнително Ви доставуваме и состојба со залихите на огревно и техничко дрво на 1.07.2018г. и на 30.09.2018г. **(намалување на вредноста на залихите за 59.596.684денари):**

| Место | Огревно дрво на 30.09.2018 | | Техничко дрво на 30.09.2018 | | Вкупна почетна залиха на 1.07.2018 | | Вкупна завршна залиха на 30.09.2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $м^3$ | денари | $м^3$ | денари | $м^3$ | денари | $м^3$ | денари |
| Шума | 33.366 | 26.693.136 | 10.336 | 7.235.459 | 45.260 | 35.030.763 | 43.702 | 33.928.595 |
| Пат | 28.726 | 45.961.632 | 10.507 | 18.911.772 | 78.513 | 128.540.446 | 39.233 | 64.873.404 |
| Склад | 5.499 | 14.296.178 | 891 | 2.585.437 | 4.409 | 11.709.089 | 6.390 | 16.881.615 |
| Вкупно: | 67.591 | 86.950.946 | 21.734 | 28.732.668 | 128.182 | 175.280.298 | 89.325 | 115.683.614 |

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата

www.mkdsumi.com.mk

Ул. "Перо Наков" бр. 128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс ++389 (0)2 2581824

## Образложение за вкупните неизмирени обврски

## и вкупните ненаплатени побарувања

Претпријатието настојува **обврските** редовно да ги исплаќа, со цел да се зголеми производството на огревно и техничко дрво.

**Обврските спрема добавувачи — правни лица.** Во овој квартал се исплатени вкупно 185.066.778денари, а стекнати се обврски во износ од 176.167.781денар, со што се доаѓа до состојба со салдо од повеќе исплатени обврски во износ од 8.898.997денари. Од обврските за директно производство —сеча, дотур и превоз исплатени се 126.981.099денари, а стекнати се обврски во износ од 124.956.747денари, со позитивно салдо од 2.024.352денари, што значи повеќе исплатени од стекнати обврски за овој квартал. Од обврските по други јавни набавки за потребите во процесот на производство, односно тендери во Дирекција, исплатени се 43.253.917денари, а стекнати се обврски во износ од 39.839.784денари и останува салдо од 3.414.133денари. Во трета група на обврски се тековните обврски, каде имаме стекнато обврски во износ од 11.371.250денари, исплатено 14.831.762денари и позитивно салдо од 3.460.512 д.

**Обврските спрема добавувачи—физички лица** се исплатени во износ од 2.233.353денари, а стекнати се обврски во износ од 2.253.818денари и имаме помалку исплатено за 20.465денари. Овие обврски се по основ на договор за закуп.

Во овој квартал претпријатието има стекнато обврски за ДДВ (за месеците Јуни, Јули и Август 2018г.) во вкупен износ од 57.517.890денари, а има исплатено обврски за ДДВ (за месеците Април и Мај 2018г) во вкупен износ од 26.674.747денари, со што салдото за овој квартал изнесува 30.843.143 денари. Покрај тоа, Претпријатието во овој период има исплатено и четири рати по Решението од УЈП за репрограм во вкупен износ од 9.925.364 денари.

Во делот на обврските, да го истакнеме и фактот што во овој квартал **нема** неизмирени обврски за плати и придонеси од плати.

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

## Побарувања од купувачи во земјата

Во третиот квартал од 2018г. салдото на побарувањата од правни лица, синдикати и физички лица е во износ од 149.698.550денари, кое произлегува од помалку наплатени од фактурирани побарувања.

**Побарувањата од купувачи – правни лица.** Од сметководствената евиденција се констатира дека во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 346.487.643денари, а вкупно се наплатени 275.716.274 денари, со што се доаѓа до салдо од 70.771.369денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 82.873.255денари и примени аванси во износ од 12.101.886денари.

**Побарувањата од синдикати.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 117.562.395денари, а вкупно се наплатени 71.773.724 денари, со што се доаѓа до салдо од 45.788.671денар. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 49.714.662денари и примени аванси во износ од 3.925.991денар.

**Побарувањања од физички лица.** Физичките лица се поделени во подгрупи:

а) **Физички лица-граѓани.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 118.940.045денари, а вкупно се наплатени 93.629.251 денар, со што се доаѓа до салдо од 25.310.794денар. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 39.808.806денари и примени аванси во износ од 14.498.012денари.

б) **Физички лица-пензионери.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 10.697.672денари, а вкупно се наплатени 7.046.758 денари, со што се доаѓа до салдо од 3.650.914денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 5.034.749денари и примени аванси во износ од 1.383.835денари.

в) **Физички лица-социјални групи.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 760.432денари, а вкупно се наплатени 316.198денари, со што се доаѓа до салдо од 444.234денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 494.390денари и примени аванси во износ од 50.156 денари.

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
"Перо Наков" 128; 1000 Скопје; Р. Македонија
++389 (0)2 2581080 Факс ++389 (0)2 2581824

што се доаѓа до салдо од 3.732.567денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 5.320.707денари и примени аванси во износ од 1.588.140 денари.

Во овој квартал во делот на утужени побарувања имаме салдо во износ од -329.096денари, кое произлегува од наплатени побарувања по тужби во износ од 348.192денари, а утужени се во износ од 19.096денари. Во делот, пак, на сомнителни и спорни побарувања имаме салдо во износ од -9.017 денари, кое произлегува од наплатени побарувања по тужби во износ од 9.017денар, а утужени нема.

**Просечна исплатена плата на Директорот на ЈП**

2018г. - нето: - 56.813,00ден. ; бруто: - 85.327,00ден.

2017г. - нето: - 53.320,00ден. ; бруто: - 80.087,00ден..

**Изготвил:** Биљана Чакаровска, дипл.ецц.

**Одобрил:** Гордана Серафимовска, дипл.шум.инж.

**Сектор за економско-финансиски работи**

**Помошник — Директор,**

Дипл.ецц. Марија Срезовска-Матевска